**Димитар НИКОЛОВСКИ**

# СПРЕМНИ ЗА ПРИДРУЖУВАЊЕ? СТУДИЈА ЗА ЕВРО-ЕНТУЗИЈАЗМОТ ВО СРБИЈА И ВО ЦРНА ГОРА

## Вовед

Процесите за евроинтеграција се сметаат и од интернационалната заедница и од други релевантни учесници за најсоодветна рамка за демократизација и смирување на динамичниот Балкан по падот на социјализмот. Бидејќи Словенија, Романија и Бугарија веќе се членки на ЕУ, Брисел настојува да ја наметне Европската агенда во другите Балкански држави, кои една по една стануваат кандидати и потенцијални кандидати за членство. При набљудување на напредокот во регионот, може да се забележи интересна појава, која посочува кон значителна разлика помеѓу две многу блиски држави во регионот. Во последните три години, забележана е разлика во ставовите на граѓаните на Србија и на Црна Гора кога се запрашани дали мислат дека придружувањето на ЕУ ќе биде позитивно за нив. Во време кога двете влади ги објавија аспирациите кон ЕУ и ја интензивираа нивната соработка

*Авторот е магистер по Политички науки и по Демократија и Човекови Права и работи како помлад истражувач во ЦРИС Студиорум*

со ЕУ, анкетите покажуваат дека во Србија позитивните ставови кај населението се намалуваат, додека во Црна Гора тие се зголемуваат.

Овој труд има цел да ги испита ставовите што граѓаните на Србија и на Црна Гора ги имаат во однос на членството на нивните држави во Европската Унија, особено причините за намалување или зголемување на поддршката како што е проценето од испитувањата на јавното мислење спроведени од интернационални и од домашни организации. Трудот ќе се фокусира на три аспекти и ќе го процени нивното влијание врз ставовите на граѓаните: обемот на развиеност на демократијата (испитан од Фридом Хаус преку неколку показатели како управување, корупција, цивилно општество итн.), реториката и ставовите на локалните политичари, како и влијанието на барањата специфични за државата од страна на ЕУ. Со употреба на компаративна студија на случај помеѓу Србија и Црна Гора, трудот всушност ќе се обиде да го одговори прашањето: Како демократскиот напредок, ставовите на локалните политичари, и ставовите кон барањата на ЕУ специфични за државите влијаат на евро-ентузијазмот на граѓаните на Србија и на Црна Гора? Трудот ќе разгледа како трите гореспоменати фактори влијаат на нивото на евро-ентузијазам и ќе ја тестира хипотезата: иако подобрениот обем на развиеност на демократијата треба да обезбеди стабилен евро-ентузијатам кај граѓаните, негативната реторика на политичарите за ЕУ и негативните ставови во однос на барањата специфични за државата од страна на ЕУ предизвикуваат намалување на евро-ентузијазмот кај граѓаните на Србија.

Првиот дел накратко ќе ги претстави теоретските сфаќања и дефиниции за тоа што претставуваат демократизацијата, ЕУ-интеграцијата и евро-ентузијазмот, исто како и кои се неопходните предуслови за интеграција во ЕУ во Западен Балкан. Во вториот дел, ќе биде претставен историски преглед за тоа како е спроведено приближувањето кон ЕУ во двете држави, со посебно внимание на трите независни варијабли наведени во хипотезата. На крај, последниот дел ќе го претстави развојот на евро-ентузијазмот кај граѓаните на двете држави и ќе објасни зошто се појавила гореспоменатата главна разлика меѓу нив. Исто така, ќе објасни што ова значи за нивните процеси за евроинтергација и улогата на ЕУ кога станува збор за менување на ставовите на јавноста.

## 1. Демократизација и интеграција во ЕУ

Во овој дел, прашањата за демократизација и интергарција во ЕУ ќе се поставaт во соодветни контекстуални и историски рамки за регионот што е испитуван. Поради тоа, ќе има објаснување за највообичаените сфаќања за тоа што претствува пост-комунистичка демократизација и трудот понатаму ќе навлезе во прашањето за евроинтеграција и предусловите за тоа. На крај, ќе се наврати на прашањето за поддршка од јавноста за интеграција во ЕУ во земјите кандидати и потенцијални каднидати за пристап во ЕУ.

### 1.1 Теоретска рамка за демократизација и интеграција во ЕУ

Семјуел Хантингтон го вклучува падот на комунизмот во Централа и Источна Европа во „третиот бран на демократизација,“ заедно со, најзабележително, Јужна Европа и Латинска Америка (Хантингтон, стр. 3-13). Почнувајќи од 1974 година, овој бран ги претставува транзициите од автократски/недемократски режими во демократски политички системи. Разликата, се разбира, меѓу ЦИЕ и Јужна Европа и Латинска Америка, е тоа што претходните два случаи вклучуваа транзиции од десничарски диктатури, додека во ЦИЕ демократијата дојде по социјализамот. Сепак, случаите на транзиција во ЦИЕ и процесите на демократизација се од поголем интерес за академиците и креаторите на политики, не само поради големата територија, население и географска положба што овие држави ги претставуваат, туку и поради разновидноста на динамиките на демократизација што тие држави ги покажале, најмногу поради зачуденоста на академиците од западот кои очекуваа истите да бидат пoхомогени. Исто така, на процесите за интергација во ЕУ им се придава најголема важност за гаранција за мирот и почитување на човековите права во регионот по насилните 90-ти години на Балканот.

Во општа смисла, транзицијата/демократизацијата наметнува процес преку кој претходно недемократски режими се трансформираат во демократски. Кога ги разгледувале проблемите за консолидирање на демократијата, Хуан Линц и Алфред Степан ја опишале транзицијата како „целосна кога е постигнат доволен договор за политички процедури да произведат избрана влада, кога владата доаѓа на власт што е директен резултат на слободни и општи избори, кога оваа влада де факто има власт да креира нови политики и кога извршната, законодавната и судската власт создадени од новата демократија не треба да делат власт со други тела де јуре” (Линц и Степан, стр. 3).

Како што може да се види, Линц и Степан имаат многу политичко и технократско сфаќање за демократизацијата, но потоа продолжуваат со кратко излагање дека консолидирана демократија е онаа каде „демократијата е единствената игра во градот (the only game in town).“Тие даваат поголема суштина на дефиницијата кога именуваат пет самостојни арени на демократија: „Прво, мора да постојат услови за развој на слободно и живо цивилно општество. Второ, мора да има релативно автономно политичко општество. Трето, на целата територија на државата сите големи политички актери, особено владата и државниот апарат, мора да бидат ефикасно подложни на владеење на правото што ги штити слободите на поединецот и заедничкиот живот. Четврто, мора да има државна бирократија што се користи од новата демократска влада. Петто, мора да има институционализирано економско општество“ (Ибид., стр. 7).

Гледајќи ги потенцијалните и историски обврски кон нивните источни соседи, ЕУ им даде можност на поранешните комунистички држави да станат земји-членки, штом ги исполнат критериумите за членство усвоени во Копенхаген во 1993 година: „Членството бара земјата кандидат да достигне стабилност на институции што гарантираат демократија, владеење на правото, човекови права, почитување и заштита на малцинствата, постоење на функционална пазарна економија како и капацитет да се справат со конкурентскиот притисок и пазарни сили во рамки на Унијата. Членството ја претпоставува способноста на кандидатот да ги прифати обврските за членство вклучувајќи придржување кон целите на политичката, економската и монетарната унија“ (Заклучоци на Претседателството, 7 А. iii).

На Самитот на ЕУ за земји од Западен Балкан во Солун во 2003 година, јасно беше наведено дека иднината на Западен Балкан е во ЕУ. Таа година, Србија и Црна Гора ги започнаа нивните процеси за интеграција во ЕУ како една држава, и продолжија посебно по прогласувањето независност на Црна Гора во 2006 година. Фокусот на овој труд е на процесот на пристапување на овие две држави и посебно на поддршката од граѓаните на Србија и на Црна Гора за пристапувањето. Евро-ентузијазмот всушност е неопходен елемент за процесот на пристапување.

### 1.2 Евро-ентузијазам: Важноста на ставовите на јавноста за интеграција во ЕУ

Концептот на евро-ентузијазам најмногу е користен во дебати што се однесуваат на земјите-членки на ЕУ да ја опише поддршката

или спротивставување на понатамошно пррширување, интеграција и зголемување на Унијата. Според евро-жаргонот, евро-ентузијазам или евро-оптимизам е спротивно на евро-скептицизам или евро-песимизам. Пол Тагарт нуди јасна дефиниција за тоа што претставува евро-скептицизам: „Евро-скептицизмот ја искажува идејата за зависна или квалификувана опозиција, како и вклучување на отворена и неквалификувана опозиција во процесот на европска интеграција" (Тагарт, стр. 366).

Покрај добропознатиот антагонизам меѓу евро-оптимистите (или евро-ентузијастите) и евро-песимистите (или евро-скептиците) помеѓу лидерите и партиите на европско ниво, целта на овој труд е да ги разгледа ставовите на јавноста, воглавно бидејќи легитимитетот на институциите на ЕУ се потпира брз поддршката од граѓаните на Унијата. Мартин Слејтер истакна дека „основачите на Европската заедница беа доволно далекувидни да видат дека долгорочното преживување на заедницата во демократското доба зависи од наоѓањето на легитимност кај општата јавност" (Слејтер, стр. 72). Евро-ентузијазмот е неопходен, пред се, во текот на процесот на пристапување кога од владите се бара да усвојат мерки што изгледаат непопуларни. Многу е важно идните членки да имаат граѓани кои ја поддржуваат интеграцијата во ЕУ. Евро-ентузијазмот е исто неопходен по пристапот во ЕУ, кога државата е веќе членка на Унијата.

Во овој контекст, корисно е да се разгледаат државите од раниот дел на третиот бран на демократизација, како што ги нарекува Хантингтон, во однос на нивниот евро-ентузијазам во процесот на нивно пристапување: „Ентузијазмот за Европскат Заедница во Шпанија и во Португалија покажува голем број политички, културни и историски карактеристики како објаснувања за разликите меѓу државите во однос на насочувањата кон ЕЗ. Покрај економските придобивки, на членството во ЕК во овие држави се гледаше, како и во Грција, како на неопходен придонес за демократизација, стабилизација и законитост на новите политички системи по трансформацијата на режимот во средината на 1970-тите" (Нидермајер и Синот, стр. 66).

Исто така, земајќи во предвид дека ЕУ им има обезбедено на земјите што пристапуваат сеопфатни показатели во однос на процесите на демократизација како што е предвидено со критериумите од Копенхаген, процесот на интеграција во ЕУ е прифатен со генерално позитивни ставови помеѓу државите од Западен Балкан, бидејќи тој не само што е поврзан со економскиот раст, туку и со подобрување на демократските капацитети и успешното функционирање на нивните влади.

Истражувањето на евро-ентузијазмот кај членките-пристапнички е важен поради потенцијалните опасности од разочарување на граѓаните со ЕУ во времето на пристапување и на членство. Негативните чувства за европската интергација во земјите-членки може да предизвикаат раст на демократски дефицит во ЕУ: тие можат да го продлабочат јазот меѓу обичните граѓани и институциите во Европа, да предизвикаат непочитување на легитимноста на ЕУ, што може да доведе до крајните опасности од зголемување популарноста на радикалната десница, националистички групи кои говорат против финсиските програми на ЕУ и против важноста на различноста во Унијата, како што се случи во Бугарија или во Унгарија.

Евро-скептицизмот може да предизвика непочитување на процесот на демократизација во текот на процесот на пристапување, намалување на легитимноста на локалните про-демократски лидери, па дури и полошо, гласање „против" на референдумот за пристапување, опасности со кои моментално се соочува Хрватска. Поради тоа, важно е да се разберат елементите/факторите што ги определуваат евро-ентузијазмот и евро-скептицизмот.

**1.3 Предуслови за евро-ентузијазам**

Постојат многу фактори што можат да го одредат формирањето на позитивни ставови кон ЕУ: подобреното економско работење, инструментите за претпристапување употребени да помогнат во многу општествени сектори, подобреното демократско функционирање на институциите или гаранцијата за долготраен мир и безбедност, се само некои од нив. Во оваа анализа, ќе се разгледаат три фактори: подобрениот демократски напредок (контролна варијабла за Србија и за Црна Гора земајќи предвид дека двете земји се повеќе или помалку на ист пат), ставовите и реториката на локалните политичари (кои влијаат на формирање на јавното мислење) и наметнатите услови специфични за државата од страна на ЕУ (кои можат да ја попречат важноста на реформите за сметка на други услови и поради тоа да создадат чувство дека реформите се од секундарна важност).

Поради ова, теоријата е дека, со цел да се осигура долготраен евро-ентузијазам, ЕУ треба да употреби друг пристап да ги расчисти работите за граѓаните на земјите кандидати. Со други зборови, со специфичните барања за Србија и реториката на политичарите поврзани со нив, евро-ентузијазмот во Србија е намален, и покрај реформите спроведени со помош од ЕУ.

Додека извештаите за напредок на ЕУ користат помалку мерлив и

не-квантитативен, побирократски јазик за да го проценат напредокот, „Нации во транзиција“ (Nations in Transit) на Фридом хаус го оценуваат обемот на развиеност на демократија на квантитативен начин преку оценување на квалитетот на развој во неколку области: изборен процес, цивилно општество, независни медиуми, национално и локално демократско владеење, правосудство и правосудска независност и корупција. Поради тоа, извештаите на Фридом хаус ќе се користат да се соберат податоци за обемот на развиеност на демократијата на двете земји. Реториката на локалните политичари ќе се анализира преку говори, изјави и дејства на политичарите дадени во медиумите. Условите специфични за државата (и начинот на кој тие се сфатени) ќе се опишат со документи од ЕУ и извештаи од медиумите. На крај, евро-ентузијазмот ќе се измери преку резултати од испитување на јавното мислење во однос на ЕУ и поврзани прашања.

## 2. Процеси за интеграција во ЕУ во Србија и во Црна Гора

Во овој дел, трудот ќе ги испита промените што се случиле во двете држави од почетокот на процесот на нивно пристапување. Тука ќе се наведат кои видови промени се случиле во демократските капацитети при пристапувањето кон ЕУ, како се развивала (или не се развивала) реториката на локалните политичари на начин што ја подддржува ЕУ, дали ЕУ поставила посебни барања за државите и како тие барања се сфатени од граѓаните на двете држави.

### 2.1 Односи со ЕУ

До 2006 година, кога Црна Гора ја прогласи својата независност, евроинтегративните процеси на двете држави се одвиваа заедно, како една држава Србија и Црна Гора. Официјално, процесот на приближување кон ЕУ, таканаречен Процес за стабилизација и пристапување, започна по падот на режимот на Милошевиќ во 2000 година и доаѓањето на власт на про-демократските лидери. Во 2001 година започна со работа Заедничката консултативна работна група за да испита одредени области од општествениот и од економскиот живот на државата и да го подготви процесот за усвојување на стандардите на ЕУ (Канцеларија за ЕУ интеграции, Србија).

Бидејќи во јуни 2003 година на Самитот во Солун ЕУ го официјализираше своето гледиште за европската перспектива на земјите од Западен Балкан, следниот месец е воведена нова форма на соработка – Засилен постојан дијалог, која требаше да осигура позитивна проценка

на физибилити студијата. Со Засилениот постојан дијалог, се одржаа неколку средби со цел да се продлабочи соработката со ЕУ додека да започнат преговорите за Договор за стабилизација и асоцијација (ДСА). На овие средби, претставници на двете страни дискутираа околу реформите на теми како „[У]ставната повелба кога станува збор за продлабочување на интернационалните односи, ефикасно функционирање на институции и владеење на правото. Се формулираа специјални препораки во областа на правдата и внатрешните работи, интелектуалната и индустриска сопственост, конкурентските права и применетите политики во други области“ (Ибид). Во 2005 година започнаа преговорите за ДСА за државната заедница но за жал истите беа привремено замрзнати поради неусогласување со Меѓународниот кривичен суд во Хаг (Делегација на ЕК, Србија). Двете држави тргнаа по сопствени патишта по прогласувањето независност на Црна Гора во мај 2006 година.

Откако Србија (како независна држава) се обврза на соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг и ги усвои сите неопходни уставни реформи, преговорите за ДСА повторно беа продолжени во јуни 2007 година, одобрени во ноември 2007 и завршени во мај 2008 година (Канцеларија за ЕУ интеграции, Србија). Апликација за членство беше поднесена во декември, 2009 година (Ловен). Сепак, на државата сè уште не и е доделен статус на земја кандидат. Последниот настан беше одговарањето на Србија на Законодавниот прашалник кој содржи приближно 2.500 прашања и државата чека позитивен одговор за статусот на  земја кандидат во текот на оваа година (Ансамед) (Делегација на ЕК, Србија).

Процесот на Црна Гора напредува подобро по прогласувањето независност. Преговорите за ДСА беа покренати во мај 2007 година, а Договорот е потпишан во октомври истата година. По одговарањето на Прашалникот во декември 2009 година, на државата и е одобрен статус на земја кандидат една година подоцна и ЕК препорача почеток на преговорите во октомври 2011 година (Министерство за надворешни работи и интеграција во ЕУ, Црна Гора).

### 2.2 Подобрување на демократските капацитети

Фридом Хаус забележа постепено, иако не константно продобрување на демократските капацитети на двете држави по прогласувањето на ЕУ на нивната европска перспектива. Во области како изборен процес, цивилно општество, независни медиуми, национално и локално демократско управување, правосудство и правосудска

независност и корупција, Фридом хаус го измери напредокот во форма на просечен демократски резултат изведен од горенаведените фактори. Земајќи предвид дека процесите за евроинтеграција најмногу се поврзани со подобрување на демократските капацитети на државата (усвојување на стандардите на ЕУ за управување, владеење на право итн.) за целта на оваа анализа одбрани се показателите од Нации во транзиција на Фридом хаус, не само бидејќи тие се мерливи и споредливи во времето и меѓу државите, туку исто бидејќи ќе биде полесно да се следи нивното влијание врз евро-ентузијазмот.

На скала од 1 (највисока-консолидирана демократија) до 7 (најниска-недемократија) Србија се искачи од резултат 5,04 во 2001 на 3,64 во 2011 (Пресек и Николајевиќ, стр. 455). Има постојан раст на демократскиот резултат, како што може да се види, со повремени години без генерално подобрување во 2008 и 2009, и два 'демократски врвови' во 2007 со 3,68 (кога всушност Србија се врати на европскиот пат и ги обнови преговорите за ДСА) и моменталниот 3,68. Во поединечните области на напредок, како што е вообичаено за земјите во транзиција во регионот, корупцијата и судската рамка и независноста остануваат најпроблематични области со моментален резултат 4,25 и 4,50 и ЕУ бара од државата посилен став во борбата за подобрување (Барловац, BalkanInsight 5.10.2010). Од друга страна, цивилното општество го има најдобриот резултат од 2,25, со почетен резултат 4,00 во 2001 година, по донесувањето на нов Закон за здруженија во 2009 година и засилената соработка меѓу НВО-и и владата.

Црна Гора моментално има полош демократски резултат отколку Србија – 3,82 (Уљаревиќ и Мук, стр. 389), во склад со трендот дека напредокот по независноста е помал во однос на Србија (Ѓурановиќ, стр. 380). Всушност, постои мало намалување од претходно, по константниот резултат од 3,79 во последните три години, од потпишувањето на ДСА во 2008. Како што е очекувано, корупцијата има најнизок резултат со 5,00 но, за разлика од Србија, вториот најлош резултат е на националното демократско управување и независни медиуми со 4,25 (Уљановиќ и Мук, стр. 389). Според извештајот за 2010 на Фридом Хаус, „иако Црна Гора направи напредок во усогласувањето на законските прописи со стандардите на ЕУ, направен е мал заеднички напредок на владата, опозицијата и граѓанскиот сектор за побрзо имплементирање и исполнување на условите за добро управување; поради тоа, оценката на националното демократско управување на Црна Гора останува на 4,25" (Ѓурановиќ, стр. 380). Цивилното општество исто има покажано најдобар резултат,

иако истиот останува константен на 2,75 во последните четири години, поради недостиг од разбирање на перспективните улоги на владата и на цивилното општество (Ибид., стр. 381).

Ако се земе предвид претпоставката дека перцепцијата на граѓаните што ја имаат за демократскиот напредок на нивната држава е приближно идентична со резултатот забележан од Фридом Хаус (имајќи на ум дека извештаите се напишани од експерти кои ги набљудуваат и интервјуираат перцепциите на јавноста, медиумите и на релевантните учесници), од оваа анализа произлегува дека демократскиот напредок на двете држави не е фактор што ја определува разликата во евроентузијазмот кај нивните граѓани.

**2.3 Политички ставови и реторика**

Напредокот на Србија во однос на демократизацијата и евроинтеграцијата по падот на режимот на Милошевиќ воглавно е постигнат под харизамичното водство на првиот демократски ориентираниот премиер Зоран Ѓинѓиќ и неговата Демократска Партија (ДС). Сфаќајќи го историскиот момент, „[Т]ој инсистираше Србија да сврти нова страна – мора да им покаже на нејзините соседи и на целиот свет дека не ги поддржува воените злосторства, убивањето цивили и етничкото чистење. Но неговите про-реформистички и западно ориентирани идеи му создадоа многу непријатели кои го нарекоа странски платеник. Во меѓувреме неговите обиди да започне промена беа попречувани од националистите“ (Барловац, BalkanInsight, 05.10.2010). Тој одигра многу важна улога во апсењето на Милошевиќ, вклучувајќи ги неговите повици до воените злосторници Караџиќ и Младиќ да се предадат на Меѓународниот кривичен суд во Хаг.

Сепак, точно во моментот на неговата одлука за соочување со минатото тој се разиде со неговиот партнер во политичкото движење против Милошевиќ, националистот Воислав Коштуница. За време на неговите мандати како претседател на Србија од 2000-2003 и како премиер од 2004-2008 Коштуница се спротистави на предавањето на Милошевиќ на Меѓународниот кривичен суд во Хаг и изрази критики за работата на трибуналот, нагласувајќи дека соработката би била многу полесна ако на наводните воени злосторници им е дадена шанса да се бранат од слобода за време на судењата (B92, 30.05.2004). Конечно, неговата постојана опсесија со задржување на Косово како дел од Србија се ја презема неговата политичка агенда: „Тој беше првиот што им се обрати на толпите од околу 200.000 Срби кои присуствуваа на масовен протест против прогласувањето независност

на Косово во февруари 2008, давајќи емоционален говор: 'Косово – тоа е првото име на Србија.' Таквиот говор придонесе за ослабување на веќе кревката економија на државата со загубата на динарот од шест проценти од неговата вредност во првите два месеци на 2008" (Барловац, BalkanInsight, 05.10.2010).

На претседателските избори во 2008 година, по раскинувањето на унијата меѓу Србија и Црна Гора, државата се соочи со отворена поделба во однос на нејзините аспирации кон Европа. На изборите меѓу про-европски ориентираниот Борис Тадиќ од Демократската партија и националистот, про-руски ориентираниот Томислав Николиќ од Српската радикална партија, Србија забележа најголем одзив на гласачите од 2000 година на многу внимателно набљудуваниот натпревар од страна на ЕУ; овие избори се сметаа за референдум за иднината на нацијата. Иако се веруваше дека Тадиќ е оној кој може да ја одведе државата на правилниот пат кон Европа, неговата реторика за Косово не се разликуваше од онаа на неговиот противник Николиќ (ББС Њуз, 04.02.2008). Кога Тадиќ велеќе: „единствените можни политики се да се поддржат двете стратешки цели: членство во ЕУ и зачувувањето на Косово" (B92, 10.01.2008), одговорот на Николиќ беше: „мојата порака до ЕУ е да го запре уценувањето на Србија и да престане да наметнува невозможни услови, ние веќе сме подготвени да бидеме во рамките на ЕУ, но има некои услови што не можеме да ги исполниме" (ББС Њуз, 04.02.2008). Она што може да се види овде е дека најрелевантните српски плитичари, без разлика на тоа колку го поддржуваат членството во ЕУ, сепак се подготвени да ги остават отворени прашањата како ова за Косово, кои можат да ги загрозат нивните односи со земјите-членки на ЕУ кои ја поддржуваат независноста на Косово.

Од друга страна, одлуката на Тадиќ да се согласи со барањата на Меѓународниот кривичен суд во Хаг и апсењето на Караџиќ во 2008 година и на Младиќ и Хаџиќ во 2011 година дефинитивно ја олесни соработката со ЕУ (Делегација на ЕК, Србија). Некои прашања што ја попречуваа интеграцијата беа решени: фаќањето на Младиќ и на Хаџиќ (прашање на основа на кое Холандија силно се противеше на продолжување на соработката на ЕУ со Србија), но останаа многу други: се разбира, Косово (за кое ЕУ нема унифициран став). Коштуница гледаше на потпишувањето на ДСА како на предавство и јасен знак дека ЕУ сака државата да се откаже од Косово, поради плановите за заменување на интернационалната програма за зачувување на мирот УМНИК со онаа на ЕУ (B92, 27.01.2008). „Оние кои го потпишаа

Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА) се целосно одговорни за тоа и тие го потпишаа во свое име, а не во име на Србија," рече Коштуница во едно интервју (Дојче Веле 30.04.2008). Моментално, значително ослабените Радикали ги зголемија нивните анти-европски ставови барајќи од ЕУ да се изјасни дали ја сака Србија со или без Косово во своите рамки. „Европската Унија има алтернатива, таа не е партнер на Србија, таа не е пријател на Србија", изјави претставник на партијата, додавајќи: „банките во Русија одобруваaат заеми со каматна стапка од три проценти, додека оние во Германија со каматна стапка од шест проценти" (B92, 29.07.2010). Сепак Тадиќ постојано повторува дека Србија нема да ја промени нејзината политика во однос на Косово како услов за ЕУ (Басиќ-Савиќ, Дојче Веле 24.01.2010).

Бидејќи Србија сè уште се бори околку овие отворени прашања и додека нејзините политичари имаат различни мислења во однос на интеграцијата во ЕУ, ситуација во Црна Гора е повеќе или помалку јасна, освен прашањата поврзани со криминалот во политиката. Сепак, овој труд ги набљудува аспирациите кон ЕУ на релевантните политичари во државата. Од нејзината независност во 2006 година, има јасен консензус помеѓу политичкиот спектар на Црна Гора за нивните понуди од ЕУ. Во една ентузијастичка изјава по референдумот за независност, Премиерот Мило Ѓукановиќ го искажа неговиот оптимизам: „Јас сум убеден дека Црна Гора може да биде следната држава од овој регион што ќе се приклучи на Европската Унија, после Романија, Бугарија и Хрватска" (Радио Слободна Европа, 23.05.2011).

Со ризичен потег за добри односи со историскиот партнер на државата Србија, Црна Гора ја призна независноста на Косово неколку месеци по унилатералната декларација во 2008 (ЊуЈорк Тајмс, 09.10.2008). И покрај противењето од страна на про-српски ориентираните политичари, насоката на дебатата не ги доведува во прашање интеграциите во ЕУ, туку повеќе односите со Србија (B92, 09.10.2008). Кога новиот премиер Игор Лукшиќ дојде на власт, тој рече дека „приоритетот на владата под негово водство ќе биде 'да ги имплементира неопходните мерки за Црна Гора да започне преговори за приклучување со Европската Унија... и да остане на патот на структурни реформи што ќе ги подобрат здравствената заштита, образованието и социјалната заштита во Црна Гора'" (Комениќ, Ројтерс, 21.12.2010).

Оваа анализа покажа дека реториката на политичарите има големо влијание на поддршката на граѓаните на Србија и на Црна Гора за процесот на пристапување кон ЕУ. Главната разлика, очигледно,

е недостатокот од унифициран став во Србија, за разлика од Црна Гора. Иако најрелевантните српски политичари ги покажаа нивните аспирации кон ЕУ, има многу условувања во однос на Косово. Нејасната ситуација влијаеше на јавното мислење да се намали српскиот евро-ентузијазам.

**2.4 Барања специфични за државата од страна на ЕУ**

Покрај реториката користена од политичарите, друг елемент прави разлика во процесот на пристапување на Србија и на Црна Гора (и со самото тоа влијае на евро-ентузијазмот на граѓаните): специфичните барања поставени од страна на ЕУ. Двете држави треба да ги почитуваат критериумите од Копенхаген, но Србија треба(ше) да се справи со (и да најде решение за) две чувствителни прашања: Косово и соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг.

Косово е многу релевантно за дебатата околу евро-ентузијазмот особено поради начинот на кој се ’користи’ на локалната политичка сцена. Бидејќи ЕУ нема оформено заеднички став за признавањето на Косово, таа не е непопустлива во барањето Србија да ја признае неговата независност. Како што претходно е споменато, ниту проевропските ниту националистичките лидери сè уште не се подготвени да се откажат од Косово, иако тоа е злоупотребено од националистите кои на овој начин формираа јавно мислење против соработката со ЕУ. Поточно, на потпишувањето на ДСА, Коштуница силно се противеше на еден од условите поставен од страна на ЕУ, прифаќањето на поголема вклученост во процесот на зачувување на мирот и стабилизација во спорната ’држава’ гледајќи на тоа како „прв чекор кон наметнато отцепување на провинцијата“ (Kosovo Compromise, 04.01.2008). Како одговор, претставници на земјите-членки на ЕУ повторија дека признавањето на Косово не е услов за членство на Србија. „Што се однесува до Косово, никој не бара од Србија да ја признае неговата независност. Србија мора сама да најде начин да се соочи со фактот дека Косово е признаено од 22 земји-членки на ЕУ.,“ изјави Амбасадорот на Обединетото Кралство во Србија во 2009 година. (BalkanInsight, 13.02.2009). Сепак, ЕУ побара од Србија да “завземе конструктивен став“ за прашањето за Косово, што тоа и да значи.

Спротивно на ова, соработката со Меѓународниот кривичен суд во Хаг (која вклучуваше затворање на воените злосторници) дефинитивно е политички услов неопходен за Србија, со тоа што Холандија беше најсилниот противник на процесите за интегрирање на Србија.

Бидејќи преговорите за потпишување на ДСА беа привремено замрзнати поради несоработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, ЕУ покажа интерес во продолжување на преговорите „под услов (Србија) да покаже јасна обврска и да превземе конкретно и ефективно дејство за целосна соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг (EurActiv, 13.02.2007). По апсењето на Караџиќ, Србија се надеваше дека ЕУ ќе престане да поставува нови услови и ќе завземе послаб и поразбирлив став во однос на Младиќ и на Хаџиќ (The Peninsula, 07.11.2008). Сепак, по апсењето на Младиќ и на Хаџиќ, кога Србија очекуваше да го добие статусот за земја кандидат минатата година и после политичките преговори меѓу Холандија и другите земји-членки, ЕУ постигна консензус во набљудување на напредокот на Србија: "Тие одлучија дека во секој чекор од процесот за пристапување, сите 27 држави мора да бидат убедени дека Србија во целост соработува со Меѓународниот кривичен суд во Хаг" (Владата на Холандија).

Повторно, Црна Гора се нема соочено со ваквите политички критериуми како Србија. По зацврстувањето на Уставот од прогласувањето независност, таа е на пат да ги исполни критериумите од Копенхаген и сама да ги спроведе неопходните реформи, но не секогаш со задоволителен чекор. Најголемиот предизвик и грижа на претставниците на ЕУ се чини дека е борбата против криминал и корупција (BalkanInsight, 01.12.2008).

Овој дел ги покажа главните разлики меѓу двете држави во нивниот процес на пристапување. Иако двете покажуваат подобрувања во демократските процеси, процесот во Србија е отежнат од недоследната политичка реторика на нејзините политичари во однос на специфичните услови со кои државата се соочува. Следното поглавје продолжува да истражува како овие разлики влијаат на евро-ентузиајзмот кај граѓаните на двете држави.

### 3. Прашањето за евро-ентузијазам

Во овој дел прво ќе се прикажат неколку испитувања на јавното мислење со цел да се види поддршката на јавноста за членството во ЕУ на нивните држави, како и некои други специфични прашања кои можат да влијаат на евро-ентузијазмот. Понатаму, ќе се анализира што ова значи за иднината на државите во нивните напреднати процеси на евроинтеграција, или како земји-членки.

### 3.1 Јавно мислење за ЕУ

Почнувајќи со анкета од 2002 година, може да се види дека нивото на доверба во ЕУ во тоа време било 31% (SEEDS). Две години подоцна, таа бројка се искачила на 48% (Николиќ и Иванов). Иако нивото на доверба во ЕУ се зголемило потоа, граѓаните на Србија покажале постојано намалување на одговор на прашањето дали сметаат дека членството на Србија во ЕУ е добра работа. Движејќи се од 61% во 2006, 58% во 2008, 50% во 2009 и 44% во 2010 според последните студии на Галуп, намалениот број на граѓани кои мислат дека членството во ЕУ е добра работа е јасен показател дека нешто оди во погрешна насока со начинот на кој политичката ситуација и настани ги оформуваат ставовите на јавноста. Исто така, бројот на граѓани кои мислат дека членството е лоша работа се зголеми од 10% во 2006 на 17% во 2010 (Галуп, стр. 22).

Во меѓувреме, други анкети покажаа одговори на интересни прашања. На една анкета во 2007 година, во време на замрзнатите преговори за ДСА, мнозинството граѓани (49%) одговориле дека проблемот што ја попречува интеграцијата на нивната држава во ЕУ е европската политика на постојано условување и уценување на Србија, многу повеќе од некомпетентноста на локалната власт или неуспехот да се исполнат интернационалните обврски (Канцеларија за ЕУ интеграции, Србија). Процентот на одговори незначително се разликува оттогаш, но условувањето останува постојано најмногу даван одговор; бројот на граѓани кои го мислат истото е всушност идентичен во 2010 година. Што се однесува на 2010 година, сè уште има околу 40% граѓани на Србија кои мислат дека Младиќ е херој, наспроти 19% кои мислат дека тој е воен злосторник (Радио Сараево, 26.10.2010). Исто така, во 2007 година, 77% не ја поддржале соработката со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, дури и ако процесот за интеграција е запрен поради тоа и мнозинството (45%) верувале дека ЕУ ги условува да се откажат од Косово (Канцеларија за ЕУ интергации, Србија).

Нивото на дури помала доверба во Меѓународниот кривичен суд во Хаг беше најниско до 8% во 2002 (SEEDS). Во 2006, 85% од граѓаните на Србија одговориле дека Меѓународниот кривичен суд во Хаг треба да се укине до 2010 година, бидејќи ги деградира Србите (BalkanYum, 15.01.2007). 72% од испитаниците генерално имале негативни ставови кон Меѓународниот кривичен суд во Хаг и во анкета спроведена во 2009 година истиот е проценет како нефер, неправеден и пристрасен и дека суди само Срби (Мисија на ОБСЕ во Србија).

Во Црна Гора нивото на доверба во ЕУ е повисоко отколку во Србија во 2002 – 38% (SEEDS) и во 2004 – 51% (Николиќ и Иванов). Без негативното влијание наметнато од прашања како Косово или Меѓународниот кривичен суд во Хаг, евро-ентузијазмот имал поголемо зголемување. Освен есента во 2008 година, позитивните погледи за ЕУ се движеле од 64% во 2006 до 73% во 2010. Бројот на оние што го сметаат членството во ЕУ за негативно се намалил од 7% во 2006 на 4% во 2010 (Галуп, стр. 22).

**3.2 Анализирање на евро-ентузијазмот**

Покажувањето на процесите на развој во двете држави и промените во јавното мислење за ЕУ поставува основа за објаснување на тоа како неколку фактори можат да влијаат на јавното мислење.

Во 2002 година, довербата во ЕУ била повеќе или помалку еднаква и се зголемувала бидејќи двете влади се свртеа кон евроинтегративните процеси. Со подобрувањето на демократските капацитети на двете општества, како што е проценето од Балкан Монитор (Balkan Monitor), евро-ентузијазмот е зголемен, воглавно бидејќи евроинтеграцијата е поврзана со, меѓу другите фактори споменати во првото поглавје, со подобрувањето на напредокот на демократијата. Двете држави почнаа да се разликуваат во 2006, откако се одделија и станаа посебни држави. Барањето специфично за државата - усогласување со Меѓународниот кривичен суд во Хаг – предизвика разлика во степенот на евро-ентузијазам кај граѓаните на двете држави. Бидејќи ова прашање не постоеше, или повеќе не беше проблем на Црна Гора, остана клучна пречка во државата чие население сè уште го гледаше Младиќ како херој и Меѓународниот кривичен суд во Хаг како антисрпски ориентиран, додека во исто време мислише дека ЕУ ги смета постигнатите демократски реформи за незначителни се додека не се исполни друг политички услов. Анализата покажува дека тој фактор бил влијателен во намалување на евро-ентузијазмот.

Овој фактор е засилен со реториката на политичарите. Додека Тадиќ се согласи да соработува во фаќањето на Младиќ и на Хаџиќ, но не се согласи да се откаже од Косово, реториката на националистите како Коштуница и на радикалите кои постојано повторуваа дека Косово треба да биде независно за да Србија стане членка на ЕУ предизвика пад на јавната поддршка за членство во ЕУ.

Иако претставниците на ЕУ во неколку прилики изјавија дека Косово не е услов, тие очигледно не беа доволно успешни против пропагандата на националистите во убедување на јавноста. Про-

демократските сили, од друга страна, не ги поддржаа долгорочните цели поставени за Србија и се чини дека не го прифатија фактот дека ’Косово е изгубено’. Со други зборови, наместо на покажат (преку постигнувањата од реформите) дека Косово не е услов за членство во ЕУ, про-европски ориентираното политичко водство се чини подобро се снаоѓа во ситуација во која јавноста верува дека Косово е услов, додека нивниот неуспех да напредува во економијата, на пример, останува настрана.

Во ова поглавје, релевантните фактори се врзани заедно. Со претставувањето на испитувањата на јавното мислење, се покажа како евро-ентузијазмот е намален во Србија и зголемен во Црна Гора. Покажувањето на статистички податоци го спореди влијанието на реториката и условите на ЕУ за промените во ставовите меѓу граѓаните на Србија, наспроти недостатокот од таквата реторика и услови во Црна Гора, и поради тоа го изолира подобрувањето на демократските капацитети како најважен фактор за зголемувањето на евро-ентузијазмот во Црна Гора.

### 4. Заклучок

Овој труд ги спореди Србија и Црна Гора во однос на факторите кои влијаат на евро-ентузијазмот на нивните граѓани. Во однос на двете држави како различни случаи, беа одбрани три независни варијабли: подобрувањето на демократските капацитети, ставовите и реториката на локалните политичари и условите специфични за државата за пристапување кон ЕУ и се разгледа како тие можат да имаат влијание на зависната варијабла: ставовите на јавноста кон ЕУ.

Во првиот дел беа наведени некои важни теоретски рамки поврзани со демократизацијата и интеграцијата во ЕУ. Исто, идентификувани се некои од факторите што влијаат на ставовите на граѓаните кон ЕУ и беше нагласена важноста од позитивни ставови за долгорочно функционирање на ЕУ и на поединечни држави.

Во вториот дел, трудот ги испита факторите што можат да влијаат на евро-ентузијазмот. Резултатите се дека двете држави покажуваат повеќе или помалку еднаков напредок во подобрувањето на демократските капацитети, но се разликуваат во реториката на политичарите и барањата поставени од страна на ЕУ. Додека Црна Гора нема релевантни локални политичари кои имаат проблем со ЕУ или со условите поставени од ЕУ, во Србија прашањата за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг и за Косово се теми што го

спречуваат брзиот напредок кон пристапување.

Во последниот дел претставени се зголемениот евро-ентузијазам во Црна Гора и намалениот во Србија. Исто така, факторите наведени во второто поглавје се споредени со новите рзултати за двете држави и покажано е какво влијание тие имаат на ставовите на јавноста.

Заклучокот е дека наведената хипотеза е поддржана со претставените докази: иако подобрениот демократски напредок треба да придонесе за стабилен евро-ентузијазам кај граѓаните, негативната реторика на политичарите кон ЕУ и негативните ставови кон барањата специфични за државата предзивикуваат намалување на јавната поддршка за членство во ЕУ.

**Резиме**

Оваа студија ги споредува односите на Србија и на Црна Гора кон ЕУ, со посебен акцент на поддршката од нивните граѓаните за членство во ЕУ. Двете држави се разликуваат во однос на евро-ентузијазмот на нивните граѓани: додека поддршката за членство во ЕУ се намалува во Србија, ситуацијата е спротивна во Црна Гора. Евро-ентузијазмот е анализиран преку три фактори што влијаат на него: обемот на развиеност на демократијата (испитан преку неколку показатели како управување, корупција, цивилно општество итн.), реториката и ставовите на локалните политичари, и влијанието на барањата специфични за државата од страна на ЕУ. Студијата покажува дека, иако двете држави покажуваат напредок во демократските капацитети како дел од нивните процеси за приближување, условите специфични за државата што се наметнати од ЕУ и интерпретацијата и реакцијата на истите од локалните политичари ги оформуваат ставовите на јавноста. Како резултат на ова, студијата покажува дека прашања како соработката со Меѓународниот кривичен суд во Хаг и независноста на Косово предизвикуваат намалување на позитивните ставови на српските граѓани кон ЕУ.

**Dimitar NIKOLOVSKI**

## EAGER TO JOIN? A STUDY OF EURO-ENTHUSIASM IN SERBIA AND MONTENEGRO

**Abstract**

This study compares the relations of Serbia and Montenegro to the EU, with specific regard to their citizens' support for EU membership. The two countries differ in terms of the Euro-enthusiasm of their citizens: while support for EU membership has been decreasing in Serbia, it is quite the contrary in Montenegro. Euro-enthusiasm is analyzed through three factors that influence it: democratic scope (examined through several indicators such as governance, corruption, civil society, etc.), rhetoric and attitudes of local politicians, and the influence of country-specific requirements of the EU. The study argues that, while both countries show improvement in democratic capacities as part of their approximation processes, it is country-specific conditions coming from the EU and local politicians' interpretation of and reaction to these that shape public attitudes. Thus, it shows that issues such as cooperation with the ICTY and the independence of Kosovo cause a decline in positive attitudes of Serbian citizens towards the EU.

## Библиографија

### Примарни извори

Barlovac, Bojana. *Kostunica – The Nationalist.* BalkanInsight, online 05. 10. 2010. http://www.balkaninsight.com/en/article/vojislav-kostunica-the-nationalist (посетено на 08. 02. 2011)

Barlovac, Bojana. *Zoran Djindjic – The Visionary.* BalkanInsight, online 05. 10. 2010. http://www.balkaninsight.com/en/article/zoran-djindjic-the-visionary (посетено на 08. 02. 2011)

Djuranovic, Drasko. *Country Report: Montenegro* in: Walker, Christopher (ed.). *Nations in Transit 2010.* Freedom House, 2010. p. http://www.freedomhouse.eu/images/Reports/NIT-2010-Montenegro-final.pdf (посетено на 11. 02. 2011)

*Gallup Balkan Monitor: Summary of findings 2010.* Gallup, 2010. http://www.balkan-monitor.eu/files/BalkanMonitor-2010_Summary_of_Findings.pdf, p. 22 (посетено на 08. 02. 2011)

*Historical overview of Serbia-EU relations*. Website of EU Integration Office of the Republic of Serbia. http://www.seio.gov.rs/code/navigate.asp?Id=70 (посетено на 09. 02. 2011)

Huntington, Samuel P. *Democracy for the Long Haul.* Journal of Democracy, Vol. 7, No. 2. April 1996

Linz, Juan J., and Alfred C. Stepan. *Problems of Democratic Transition and Consolidation.* Baltimore/London: Johns Hopkins University Press, 1996

Lowen, Mark. *Serbia submits EU membership application. BBC News, online 23. 12. 2009.* http://news.bbc.co.uk/2/hi/8425407.stm (посетено на 09. 02. 2011)

*Montenegro, Macedonia recognize Kosovo.* B92, online 09. 10. 2008. http://www.b92.net/eng/news/region-article.php?yyyy=2008&mm=10&dd=09&nav_id=54087 (посетено на 11. 02. 2011)

*Montenegro leader expects move towards EU, NATO.* Radio Free Europe, online 23.05. 2006. http://www.rferl.org/content/article/1068574.html (посетено на 11. 02. 2011)

*Montenegro and Macedonia recognize Kosovo*. New York Times, online 09. 10. 2008. http://www.nytimes.com/2008/10/09/world/europe/09iht-09kosovo.html (посетено на 11. 02. 2011)

Komnenic, Petar. *Montenegro's likely next leader to focus on EU bid.*. Reuters, online 21. 12. 2010. http://www.forexpros.com/news/stock-market-news/montenegro's-likely-next-leader-to-focus-on-eu-bid-182760 (посетено на 11. 02. 2011)

*Kostunica equates SAA, Kosovo's independence.* B92, online 27. 01. 2008. http://www.b92.net/eng/news/politics-article.php?yyyy=2008&mm=01&dd=27&nav_id=47262 (посетено на 11. 02. 2011)

*Kostunica: Mladic nije u Srbiji. B92, online 30. 05. 2004.* http://www.b92.net/info/vesti/index.php?yyyy=2004&mm=05&dd=30&nav_category=11&nav_id=142168 (посетено на 08. 02. 2011)

*Kostunica: The EU has to choose between SAA with Serbia and mission to Kosovo.* Kosovo Compromise, online 04. 01. 2008. http://www.kosovocompromise.com/cms/item/topic/en.html?view=story&id=424&sectionId=1 (посетено на 08. 02. 2011)

Niedermeyer, Oskar and Richard Sinnott. (eds.). *Public Opinion and Internationalized Governance*. Oxford: Oxford University Press, 1995

Nikolic, Ivan, and Andrey Ivanov (eds.) *Aspiration Survey for Serbia and Montenegro 2004.* Belgrade: UNDP Reginonal Office Belgrade, 2004.http://unpan1.un.org/intradoc/groups/public/documents/untc/unpan017008.pdf (посетено на 07. 02. 2001)

Pesek, Sanja, and Dragana Nikolajevic. Country Report: Serbia in: Walker, Christopher (ed.). Nations in Transit 2010. Freedom House, 2010. p. 455 http://www.freedomhouse.eu/images/Reports/NIT-2010-Serbia-final.pdf (посетено на 11. 02. 2011)

Presidency Conclusions, Copenhagen European Council 1993

Public opinion polls of the EU integration Office of the Republic of Serbia. Website of the EU integration Office of the Republic of Serbia. http://www.seio.gov.rs/code/navigate.asp?Id=90 посетено на (09. 02. 2011)

*Public perception in Serbia of the ICTY and the national courts dealing with war crimes.* OSCE Mission to Serbia, 2009. http://www.osce.org/serbia/40751 (посетено на 09. 02. 2011)

*Radicals urge suspension of EU talks.* B92, online 29.07. 2010.http://www.b92.net/eng/news/politics-article.php?yyyy=2010&mm=07&dd=29&nav_id=68775 (посетено на 11. 02. 2011)

*Razvoj odnosa Crne Gore i EU: Kljucni datumi.* Website of Ministry of Foreign Affairs and European Integration. http://www.mip.gov.me/index.php/Direkcija-za-EU/razvoj-odnosa-crne-gore-i-eu-kljuni-datumi.html (посетено на 10. 02. 2011)

*SEE Public agenda survey.* South East European Democracy Support (SEEDS), 2002. http://archive.idea.int/press/pr20020404.htm (посетено на 07. 02. 2011)

*Serbia delivers answers to EC's questionnaire.* Website of the Delegation of the European Union to the Republic of Serbia, online 31. 01. 2001.http://www.europa.rs/en/srbijaIEu/politicki_ekonomski_odnosi/pro-

ces_stabilizacije_pridruzivanja/feasibility_report.html (посетено на 09. 02. 2011)

*Serbia urges EU to stop setting conditions.* The Peninsula, online 07. 11. 2008. http://archive.thepeninsulaqatar.com/component/content/article/345-united-kingdomeurope/85608.html (посетено на 09. 02. 2011)

*Serbia: EU; Questionnaire Filled Out, Delivered on Monday.* Ansamed, online 23. 01. 2010. http://www.ansamed.info/en/europa/news/ME.XEF84851.html (посетено на 10. 02. 2011)

*Serbia's election victory for Tadic.* BBC News, online 04. 02. 2008. http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/7225455.stm (посетено на 10. 02. 2011)

*Serbian nationalists reject signing of EU Agreement as Treason.* Deutsche Welle, online 30. 04. 2008. http://www.dw-world.de/dw/article/0,,3303115,00.html (посетено на 11. 02. 2011)

Slater, Martin. *Political Elites, Popular Indifference and Community Building*. Journal of Common Market Studies No. 21(1-2), 1982

*Tadic: Serbia wants both Kosovo and EU. B92, online 10.01. 2008.* http://www.b92.net/eng/news/politics-article.php? yyyy=2008&mm=01&dd=10&nav_id=46814 (посетено на 10. 02. 2011)

Taggart, Paul. *A touchstone of dissent: Euroscepticism in contemporary Western European party systems*. European Journal of Political Research No.3, 1998

Uljarevic, Daliborka and Stevo Muk, Country Report: Montenegro in: Habdank-Kolaczkowska and Christopher Walker (eds.). Nations in Transit 2011. Freedom House, 2011. http://freedomhouse.org/sites/default/files/inline_images/NIT-2011-Montenegro.pdf (посетено на 20. 01. 2012)

Zeljka Basic-Savic. *Srbija ne prihvata uslove za kandidaturu u EU?* Deutsche Welle, 08. 01. 2012. http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15652833,00.html (посетено на 19. 01. 2012)

**Секундарни извори**

*Council urges Serbia to cooperate on Kosovo.* EurActiv, online 13. 02. 2007. http://www.euractiv.com/en/enlargement/council-urges-serbia-operate-kosovo/article-161629 (посетено на 08. 02. 2011)

*Crime main obstacle to Montenegro's EU bid.* BalkanInsight, online 01. 12. 2008. http://www.balkaninsight.com/en/article/crime-main-obstacle-to-montenegro-s-eu-bid (посетено на 09. 02. 2001)

*EU attaches strict conditions to Serbia's accession process*. Website of the Government of the Netherlands, online 25. 10. 2010. http://www.

government.nl/News/Press_releases_and_news_items/2010/October/EU_attaches_strict_conditions_to_Serbia_s_accession_process (посетено на 11. 02. 2011)

*Gotovo 40 posto gradjana Srbije misil da je Mladic dobar patriota.* Radio Sarajevo, online 26. 10. 2010. http://www.radiosarajevo.ba/content/view/38055/ (посетено на 09. 02. 2011)

*Haski sud treba ukinuti.* BalkaniYum, online 15. 01. 2007. http://www.balkaniyum.tv/srpski/vesti/12267.shtml (посетено на 09. 02. 2011)

*Kosovo recognition not EU condition for Serbia.* BalkanInsight, online 13. 02. 2009. http://www.balkaninsight.com/en/article/kosovo-recognition-not-eu-condition-for-serbia (посетено на 08. 02. 2011)